РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2631/2
07-09-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 74-та седница одржана на 05.09.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-2631/1 од 10.08.2020 година, со наводи за незадоволство од спроведена постапка за јавна набавка, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што за случајот постапувал друг надлежен орган кој одлучил во рамките на своите надлежности.

Предметот со број 12-2631/1 од 10.08.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 10.08.2020 година, поднесена е пријава со наводи за незадоволство од спроведена постапка за јавна набавка и оформен е предмет број 12-2631/1 од 10.08.2020 година.

Во пријавата подносителот наведува раководителот на ----------------------------------------------------------------------------------------, незаконски постапувал во постапката за јавна набавка објавена со оглас бр.--------------------- година. Имено по објавување на огласот за јавна набавка и доставување на понуди од економски оператори, пријавеното лице побарало одредени делови од набавката да бидат поништени, со образложение дека се вработиле лица кои ќе ги работат тие оддели. Ваквото постапување согласно подносителот на пријавата, било резултат на тоа што фаворизираната компанија од пријавеното лице имало поскапа понуда од подносителот на пријавата. По поништувањето на деловите на набавката, работењето во тој дел не го вршеле вработени лица во подружницата. Воедно, наведува дека пријавеното лице постапува спротивно на член 70 став 7 од Законот за шуми, односно врши продажба во четири очи.

По разгледувањето на предметните наводи и доставената документација во прилог на пријавата, како и по увидот во јавно достапните податоци на веб страната на ДКЖЈН, ДКСК констатира дека во случајот подносителот доставил жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која донела Решение со кое жалбата на жалителот се одбива поради

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

неоснованост. Воедно, согласно упатството за правно средство во решението, жалителот имал право да поднесе тужба до Управниот суд.

Врз основа на погоре констатираното, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган - Државната комисија за жалби по јавни набавки, кој водел постапка во рамки на своите надлежности, поради што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател
Билјана Ивановска**